СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC




# ПРИРАЧНИК ЗА
# ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА
## ЗА ИНФОРМИРАН ИЗБОР

### ЗА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ- ПАТЕКИ КОН СТРУЧНО И ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Имплементирано од
HELVETAS

*Наслов:*
Прирачник за Врсничка едукација за информиран избор за средно училиште

*Издавач:*
Коалиција на младински организации СЕГА

*Автор:*
Љупчо Велковски

*Дизајн:*
Дарко Талески

Печатена верзија Тираж 50 копии на македонски јазик и 20 копии на албански јазик

Онлајн публикација

Овој прирачник е подготвен од страна на Коалиција СЕГА, со поддршка на швајцарскиот проект „Образование за вработување“, под покровителство на Министерството за образование и наука. Ставовите изразени во Прирачникот се на авторите и не мора да се совпаѓаат со мислењата и со политиката на проектот, на организациите што го спроведуваат проектот и на донаторот.

## Вовед во прирачникот

Овој прирачник претставува основа за подготовка и спроведување врсничка едукација насочена кон ученици од основните училишта, со цел јасно и разбирливо претставување на можностите што ги нудат стручното образование и дуалното образование. Самиот е дизајниран како практичен водич за врсничките едукатори и менторите, нудејќи структуриран, интерактивен и младински пристап.

Програмата е организирана во јасно дефинирани модули кои ги опфаќаат клучните аспекти на стручното и дуалното образование, вклучувајќи образовни патеки, реални можности за развој на вештини и перспективи за вработување. Посебен акцент е ставен на комуникациските вештини и неформалното образование, а се објаснети и различни методи за работа со млади, како, на пример, раскажувањето приказни (storytelling), ефективен метод за пренесување лични искуства и ангажирање на помладата публика.

Во рамките на содржината се обработуваат клучни пораки и интерактивни елементи кои им помагаат на врсничките едукатори да воспостават дијалог со учениците, да поттикнат прашања и активно учество. Дополнително, прирачникот содржи практични насоки за подготовка, организација и реализација на работилници во основните училишта, вклучувајќи препораки за времетраење, динамика и пристап соодветен на возраста.

Обуката на врсничките едукатори, поддржана со овој прирачник, ги опфаќа следниве клучни области: комуникациски вештини, стручно и дуално образование, методи за работа со млади и основи на врсничкото образование. Тие се објаснети во почетниот дел, се обезбедуваат релевантни информации за поимот врсничка едукација и стручното и дуалното образование, со цел едукаторите да настапуваат сигурно, точно и одговорно.

Прирачникот е наменет да служи како практична алатка за подготовка и спроведување на локални едукативни сесии, овозможувајќи им на врсничките едукатори да реализираат квалитетни, структурирани и инспиративни работилници, и да придонесат кон подобра информираност и позитивна перцепција за стручното и дуалното образование кај учениците од основните училишта.



## Содржина

Врсничко образование....4
Можности во стручното и дуалното образование....6
Комуникациски вештини....10
Техники на раскажување приказни....16
Методи за работа со млади....20
Пример сесии за врсничка едукација....29



## *Врсничко образование*

Основни одлики на врсничкото образование:

- Младите учат од свои врсници со слична возраст, искуства и јазик;
- Градат релација на доверба;
- Учесниците се вклучени преку дискусии, активности и интеракција;
- Неформален пристап, учењето се одвива надвор од класичниот наставен модел;
- Двонасочна комуникација, не постои строга улога „предавач – слушател“;
- Се користат реални примери и лични приказни;
- Развивање социјални и комуникациски вештини;
- Јакнење на самодовербата и лидерските способности кај врсничките едукатори;
- Прилагодливост на потребите на младите;
- Поттикнување критичко размислување и лична одговорност.

Образованието помеѓу врсниците, може да го објасниме како врска на споделување искуства помеѓу луѓе кои се на некој начин еднакви. Кога ќе спомнеме еднаквост, мислиме на возраст, пол, место на живеење, исто маало, или некое село, потоа еднаквост според приходи, етничка група и уште многу други слични особини. Најважното е дека врсничките едукатори споделуваат со учесниците нешто заедничко, пред сè искуство. Тие имаат желба да помогнат и да учат едни со други.

Врсничките едукатори, бидејќи се многу блиску до учесниците, често се поврзуваат и си веруваат меѓусебе. Еден млад човек за некои работи послободно може да комуницира со врсниците и да стекне доверба по некои прашања. Возрасните, поаѓаат од идејата дека мора да ги научат младите, па едукацијата во тој случај е од позиција на моќ, а во тој случај младиот човек нема голема можност да се искаже. Според тоа, додека има некоја работилница помеѓу врсниците, односот треба да биде рамноправен, а не во кој наставникот има авторитет и дава дел од знаење или одобрување како што таа смета дека е соодветно. Можноста, а можеби дури и очекувањата, за размена на знаење или ученикот да стане едукатор често е важен дел од образованието меѓу врсниците.



Во една реална ситуација со врсничка едукација, врсничкиот едукатор се однесува помалку како наставник, повеќе како фасцилитатор. Товарот на учењето е на ученикот. Во оваа ситуација, и едукаторот и ученикот разбираат дека што и да научат, му припаѓа на ученикот, односно учесниците имаат придобивка, а не едукаторот. Во исто време, врсничкиот едукатор не го поднесува притисокот дека треба постојано да ги знае сите одговори за да не биде загрозен нејзиниот авторитет. Понекогаш, врснички едукатор може да создаде многу помоќно искуство за учење со тоа што не го знае одговорот, па со учење заедно со учесникот си помагаат да се најде одговорот.

Образованието меѓу врсниците, кога некој ученик му помага на друг по некој предмет, не е единствениот начин на врсничка едукација. Всушност, формалниот. Едукацијата со врсници може да се врши во групи, или со еден или повеќе врснички едукатори и неколку ученици, или со група соученици. Врсничкиот едукатор почнува со некоја тема за која смета дека е важна за своите врсници. Има процес, при што секој учесник го подучува другиот за возврат да биде научен на нешто друго. Друга можност е дека штом ученикот ќе го совлада сето она што се учи, тој потоа може да стане едукатор на врсници за возврат, како и оние што потоа ги предава.

Програмите за врсничка едукација не се исти за сите, тие се прилагодуваат според луѓето за кои се наменети. Она што е корисно за едни, можеби нема да одговара за други. Важно е да знаеме дека врсничката едукација не мора секогаш да личи на настава во училница. Таа може да се одвива преку разговори, игри, споделување искуства и учење едни од други.

Во дадена работилница, обучен врснички едукатор, спроведува активности на одредени теми во заедницата, како што е примерот со информирањето за стручно образование. Во нашиот случај, ќе пристапиме кон основните училишта и таму ќе реализираме работилници. Општо, треба да знаеме дека работилниците може да се одржуваат на јавни места, во организации и на други места. Моделот на работилницата е често оној со кој се обучуваат едукаторите на врсници.

Програмите за врсничка едукација функционираат добро во некои околности, но можеби не се вистинскиот избор во други. Некои посебни предности на програмите за врсничка едукација се:

- Ниски трошоци за ресурси. Бидејќи тие често користат волонтери и имаат помали трошоци, програмите за врсничка едукација може да се водат многу рационално.
- Потенцијалот на висок степен на контакт. Волонтерите кои и самите се дел од заедницата, можат лесно и брзо да рашират информации за програмите и ќе им се верува на нивниот збор.
- Раст и за воспитувачот и за ученикот. Поради еднаквиот однос и претпоставката дека и едукаторот и ученикот имаат знаења и вештини и двајцата можат да стекнат знаење и самопочит.



## *Можности во стручното и дуалното образование*

Пред да почнеме да разговараме за стручното и дуалното образование, да ги објасниме наједноставно:

**Средно стручно образование** е кога покрај теоријата учиме и конкретна професија, има практична настава и се стекнуваат вештини што директно се користат за работа.

**Дуално образование** е кога училиштето, ученикот и некоја компанија имаат договор за реализација на практичната настава надвор од училиштето, односно во компанијата со која е направен договорот.

Ако прочитаме различни содржини поврзани со овие теми, ќе наидеме и на кратенката ВЕТ. Тоа е кратенка од Vocational Education and Training, што на македонски значи стручно образование и обука.

Секогаш младиот човек не го интересира статистиката, односно прикажување на разни бројки. Но, мора да знаеме и преку овие податоци за предностите од стручното образование. За да имаме пореална слика за потребата и можностите од стручното и дуалното образование, ќе погледнеме некои статистички податоци:

- Голема е потребата од воведување на дуалниот систем на образование во нашата земја, со цел образовниот систем да стане пофлексибилен и подобро усогласен со реалните потреби на пазарот на трудот.

- Извештајот на Европската комисија за напредокот на државата укажува дека околу 80 % од невработените лица припаѓаат во категоријата долгорочно невработени, што во голема мера е резултат на неусогласеноста помеѓу стекнатите вештини и побаруваните компетенции. Ова значи, невработените имаат струка која не е барана и не во делот од стручното образование.

Како млади луѓе треба сме свесни дека дуалното образование не може да се воведе брзо и без вложувања. Тоа е процес кој бара време, планирање и промени во целиот образовен систем. Во моментов, низ државава се започнува со проекти и пилот-активности кои постепено го воведуваат овој модел. Треба да знаеме дека е важно учениците да имаат можност директно да се запознаат со компаниите и со реалната работна средина. На тој начин, „работа кај работодавач“ престанува да биде непозната и апстрактна идеја, а станува реално искуство.



Искуството покажува дека она што само го слушаме, брзо го заборавaме, она што го гледаме, подобро го помниме, но најмногу учиме кога самите активно учествуваме и работиме. Токму затоа, практичната работа е клучна. Со ваков пристап се одговара на потребите на денешното време – се создаваат млади луѓе со реални вештини, се зајакнуваат компаниите и се намалува невработеноста.

Дуалното образование носи со себе одредени предизвици, но тие претставуваат можност за напредок и развој. Овие предизвици можат да се трансформираат во конкретни придобивки:

- Дуалниот систем придонесува за поголема динамичност и прилагодливост на образованието кон потребите на реалниот сектор и економијата што директно влијае врз намалување на невработеноста и јакнење на економската конкурентност.

- Се создава основа за модернизација на постојните образовни програми и развој на нови квалификации во согласност со економските и технолошките трендови, како и за зајакнување на улогата на Националната рамка на квалификации. Во таа насока, се нагласува значењето на секторските комисии за квалификации, кои имаат улога во анализата и унапредувањето на квалификациите и нивната усогласеност со потребите на пазарот.

- Дуалното образование овозможува фокусирање на постигнување релевантни резултати од учењето преку модуларизација на наставните програми и флексибилен пристап кон практичната обука кај работодавачите. Овој пристап ја зголемува привлечноста на стручното образование и ја подобрува поврзаноста меѓу образованието и практиката.

- Се создава можност за воведување кредитен систем во стручното образование и обука, со што се овозможува преносливост на кредити, напредување низ рамката на квалификации и полесно стекнување една или повеќе квалификации. Ова има потенцијал да ја унапреди социјалната вклученост и еднаквите можности, особено имајќи го предвид изразениот родов јаз на пазарот на трудот.

- Дуалниот модел обезбедува нов пристап во наставата и практичната обука, како и потреба од стручно оспособени наставници, споделување на финансиските обврски помеѓу државата и компаниите и намалување на трошоците за дополнителна обука на работната сила. Европската комисија ја нагласува потребата од континуирано вложување во професионалниот развој на наставниот кадар.

- Се поттикнува квалитетна и одржлива соработка помеѓу образовните институции и реалниот сектор, преку подобра синергија помеѓу образовниот систем и пазарот на трудот, како и зајакнување на улогата на стопанските комори. Недостатокот на квалификувана работна сила, според Извештајот, ја ограничува соработката меѓу компаниите и го забавува економскиот развој.

- На учениците им се овозможува стекнување реално работно искуство и финансиски надомест, што претставува значаен позитивен фактор за нивната идна вработливост.

Оттука, концептот „дуално образование – инвестиција во иднината“ добива конкретна и практична димензија. Тој подразбира создавање квалификувани стручни кадри, зголемена конкурентност на компаниите, повисока продуктивност и континуиран трансфер на знаење.

Придобивки од програмите за стручно образование и дуалното образование:

### Подобра вработливост на младите

Стручните програми и дуалното образование се директно поврзани со потребите на пазарот на трудот. Учениците стекнуваат практични и применливи вештини кои се барани од работодавачите, што значително ја зголемува нивната можност за побрзо вработување по завршување на образованието.

### Учење преку практика

Голем дел од наставата се одвива преку практична обука во реална работна средина. Овој пристап им овозможува на учениците да го применат теоретското знаење, да стекнат работни навики и да се подготват за реалните предизвици на работното место.

### Усогласеност со потребите на пазарот на труд

Стручните програми и дуалното образование се флексибилни и се развиваат во соработка со компаниите. Наставните програми се прилагодуваат на економските и технолошките промени, што ја намалува неусогласеноста помеѓу вештините на младите и барањата на работодавачите.

### Ран контакт со работната средина

Преку дуалното образование, учениците уште за време на школувањето остваруваат директен контакт со компаниите, работните процеси и професионалната култура. Ова го олеснува преминот од образование кон вработување.

### Развој на клучни и трансверзални вештини

Покрај стручните знаења, учениците развиваат и комуникациски вештини, тимска работа, одговорност, дисциплина и решавање проблеми – вештини кои се неопходни во секоја професија.

### Можност за финансиски надомест

Во рамки на дуалното образование, учениците често добиваат надомест за практичната обука, што претставува дополнителна мотивација и финансиска поддршка за младите и нивните семејства.

### Намалување на невработеноста

Со создавање стручно оспособен кадар, стручните програми програмите и дуалното образование придонесуваат кон намалување на младинската и долгорочната невработеност и зајакнување на економијата.



### Поголема флексибилност и повеќе образовни патеки

Стручните програми овозможуваат напредување, преквалификација и доживотно учење. Учениците можат полесно да се прилагодат на промените на пазарот на трудот и да продолжат со образование или специјализација.

### Подобра соработка меѓу образованието и бизнис-секторот

Дуалното образование создава партнерство меѓу училиштата и компаниите, што придонесува кон поквалитетни програми, подобра практична обука и посилна врска меѓу образованието и економијата.

### Подобра информираност и свесен избор кај младите

Преку стручните програми и дуалното образование, младите добиваат јасна слика за професиите, можностите за развој и сопствените интереси, што им помага да донесат информирана и реална одлука за својата иднина.



## Комуникациски вештини

Комуникациските вештини се основа на успешната врсничка едукација. Улогата на врсничкиот едукатор не е само да пренесе информации, туку да воспостави доверба, да поттикне дијалог и да создаде безбедна средина во која учениците се чувствуваат охрабрени да прашуваат, размислуваат и активно учествуваат. Ефективната комуникација овозможува пораките за стручното и дуалното образование да бидат разбирливи, релевантни и прифатливи за целната група.

Како врсници, едукаторите имаат посебна предност, тие зборуваат „ист јазик“ со учениците. Сепак, оваа предност може целосно да се искористи само доколку комуникацијата е јасна, структурирана и прилагодена на возраста, интересите и претходните знаења на публиката. Добро развиените комуникациски вештини им овозможуваат на врсничките едукатори да објаснуваат сложени поими на едноставен начин, да користат соодветни примери и да избегнат нејаснотии или погрешни толкувања.

Комуникацијата не е еднонасочен процес. За врсничките едукатори, подеднакво важни се и вештините на активно слушање. Преку внимателно слушање, поставување отворени прашања и препознавање на реакциите на учениците, едукаторите можат да ја прилагодат содржината и динамиката на работилницата според потребите на групата. Ова придонесува за поголема вклученост, подобро разбирање и посилен образовен ефект.

Развиените комуникациски вештини се особено значајни при водење дискусии, одговарање на прашања и справување со предрасуди или негативни ставови кон стручното и дуалното образование. Врсничките едукатори кои комуницираат сигурно, аргументирано и со почит, можат да поттикнат критичко размислување и да охрабрат учениците да ги разгледаат различните образовни патеки без стереотипи.

Дополнително, ефективната комуникација придонесува за личниот развој на врсничките едукатори. Преку јавно настапување, работа во група и водење интерактивни активности, тие ја зголемуваат својата самодоверба, развиваат лидерски способности и учат како јасно да ги изразат своите ставови и искуства. Овие вештини се преносливи и корисни не само во образовниот процес, туку и во идниот професионален и личен живот.

Затоа, развојот на комуникациските вештини претставува клучен елемент во обуката на врсничките едукатори. Тие се предуслов за квалитетна врсничка едукација, ефективен пренос на знаење и градење позитивна и инспиративна врска меѓу младите.



Комуникацијата може да се дефинира како процес во кој информацијата и разбирањето се пренесуваат од едно лице на друго. Нема комуникација ако пренесената информација не се прими и не се разбере. Значи, комуникацијата подразбира испраќање, примање и разбирање.

Силата на комуникацијата може да ја видиме и преку многу студии кои велат дека ако кажете на 100 луѓе нешто без да го повторите:

- по ***24 часа***, околу *20 %* веќе го заборавиле;
- по **48 часа**, повеќе од половина заборавиле;
- по ***три дена***, преку ***70 %*** заборавиле;
- по ***една недела*** повеќе од **90 %** заборавиле,

### Вербална комуникација

Вербална комуникација е начинот на кој комуницираме со другите преку зборови, односно кога зборуваме, објаснуваме, поставуваме прашања или споделуваме мислења.

Со вербална комуникација можеме:



- јасно да кажеме што мислиме и чувствуваме,
- да објасниме идеја или проблем,
- да се разбереме подобро со другите.

Процедурата за слушање или стиловите на одговор се дефинираат по следниве поими:

- активно слушање,
- пасивно слушање,
- директен одговор.

Користење мешавина од овие стилови се смета за најдобра тактика. Овие техники мора да бидат користени со искреност и во контекст на градење на добар однос. Најважно е да се одржи врската со личност со која се гради односот.

### Невербална комуникација

Ние сме образовани да им оддаваме поголема важност на зборовите, затоа и ги занемаруваме невербалните сигнали.

Движењата на стапалата, гласовните промени, изразот на лицето, тоа се сите форми на невербална комуникација коишто индивидуите си ги праќаат едни на други. Ние, можеби, нема вербално да му кажеме некому нешто лошо, но ние може да му ја пратиме таа порака на невербален начин без да бидеме свесни за тоа.

### Активно слушање

Активното слушање е свесна и намерна комуникациска вештина при која слушателот целосно се фокусира на соговорникот, не само на зборовите што ги кажува, туку и на пораката, емоциите и значењето што стои зад нив. Тоа подразбира присуство, разбирање и соодветен одговор.

*Вербални и невербални вештини на активното слушање*

| Вештина | Објаснување |
|---|---|
| Давање заклучок | Насочување на неколку нешта што се искажани од говорникот, кон изготвување на една изјава. Во овој случај треба да ја имаме предвид точноста, односно правилноста на заклучокот. |
| Разјаснување | Проверка дека сето она што е искажано, е добро разбрано. Како што се одредени факти, размислувања, одлуки, редослед на настани.<br>Пример:<br>„Значи, за трите нешта за коишто говоревте се... првото ... второто ... третото?“ |
| Осврнување | Нагласување на експлицитните и имплицитните чувства, искажани од говорникот и демонстрирање на разбирање и прифаќање.<br>Пример:<br>„Тоа звучи како да било навистина возбудливо...“ |
| Парафразирање | Давање повратна информација на говорникот, во одредена мерка, што било кажано, користејќи сопствени зборови. Оваа вештина ни овозможува да дадеме до знаење дека говорникот е ислушан, а во исто време даваме поттик кон продолжување на говорот.<br>Пример:<br>„Ако добро ве разбрав, тоа што се случувало на работа било навистина вознемирувачки...“ |
| Објаснување | Давање толкување на дадена изјава. Ова е доста од помош, доколку некој не говори доволно јасно, или нејасно се изјаснува, а ние сакаме активно да учествуваме и да го разбереме.<br>Пример:<br>„Тоа можеби се однесува на...“ |
| Отворачки – затворачки прашања | Поставување прашања што ќе ја охрабри понатамошната дискусија.<br>Пример:<br>„Што се случи потоа?“ или „Како сето тоа се одрази на тебе?“<br>Забележете ја разликата помеѓу овие отворени – затворени прашања и оние коишто се одговараат со ДА и со НЕ, како што се: „Дали се исплаши?“ или „И, си замина тогаш?“ |
| Охрабрување | Ги поттикнува размислувањата за придонесот на говорниците и при сето тоа се потенцира заслугата.<br>Пример:<br>„Тоа навистина беше добар придонес, ви благодарам.“<br>Или употреба на под-говор, за да се нагласи дека го разбираме она што е кажано. Ова треба да биде во служба на продолжување на разговорот, односно дава до знаење дека слушателот е подготвен да слуша и понатаму.<br>Пример:<br>„Аха,... а, да ... да, да...“ |
| Оставање простор | Допуштање малку време помеѓу она што личноста сака да го каже и продолжување на дискусијата од страна на тренерот. Тишината може да овозможи доискажување на говорникот, или може да помогне во апсорбирање на тоа што било кажано. |
| Поврзување | Изјавите/прашањата/коментарите може да бидат поврзани од страна на тренерот, употребувајќи реченици коишто ќе иницираат интерес, поддршка и охрабрување за продолжување.<br>Пример:<br>„Откако беше таму, што се случи?“ или „И потоа беше...“ |



## *Невербалннеи вештини на активното слушање*

| Вештина | Објаснување |
|---|---|
| Одраз на лицето | Нашето лице ги изразува нашите емоции. Допуштете тоа да се случува за време на сесијата. Тренерот мора да биде способен да реагира бргу при одлуката за тоа каков одраз на лицето ќе употреби, притоа секогаш имајќи ја предвид групата, нејзините потреби и сигурноста. |
| Контакт со очите | Го одразува интересот, го охрабрува говорникот за продолжи, и нуди поддршка. |
| Говор на телото | Начинот на којшто тренерот стои, седи, како го држи телото, испраќа порака за интерес или здодевност. Кога се ислушува некој учесник, тренерот треба да биде насочен кон личноста, со чувство на заинтересираност и релаксираност во однос на напнатоста. |
| Гестикулации | Овде едни од најзначајните гестикулации се оние искажани преку рацете. Гестикулации за помош, вклучува раширени или подадени раце за зголемување на учеството, потоа гестикулациите со рацете ги користиме за поддршка на говорникот.<br><br>Климањето со главата нуди потврда и охрабрување за продолжување на говорот. |
| Рационализирање на просторот | Оставање комотно растојание помеѓу говорникот и слушателот. Недостатокот од простор, односно влетувањето во нечиј личен простор може да предизвика непријатност. Ситуацијата на повлекување заради одржување на сопствениот простор или градење на истиот, предизвикува нарушување на атмосферата за работа на целата група. |
| Временски определен | Да не се прекинува говорникот ако тоа не е неопходно. Ова може да се нарече комбинација на вербални и невербални вештини на слушање и е од суштинско значење како тренерот ќе реагира и ќе ја проценува ситуацијата за временски определена дискусија. |







## Техника на раскажување приказни

Техниките на раскажување приказни (storytelling) претставуваат моќна образовна алатка во врсничката едукација, бидејќи овозможуваат пренесување информации на начин кој е разбирлив, емотивно поврзувачки и лесно запаметлив. Наместо суво изнесување факти, раскажувањето приказни им помага на врсничките едукатори да ги приближат темите за стручното и дуалното образование преку лични искуства, реални примери и автентични ситуации со кои учениците можат да се поистоветат.

Како врсници, едукаторите имаат единствена можност да споделуваат приказни од сопственото образовно патување, предизвиците со кои се соочиле и одлуките што ги донеле. Овие приказни придонесуваат за градење доверба и кредибилитет, бидејќи учениците полесно прифаќаат информации кога тие доаѓаат од некој кој има слично искуство и возраст. На овој начин, стручното и дуалното образование се прикажуваат како реални, достижни и релевантни избори, а не како апстрактни концепти.

Раскажувањето приказни го зголемува вниманието и ангажираноста на учениците. Добро структурираната приказна со јасна порака, почеток, развој и заклучок, создава динамика и интерес, поттикнува љубопитност и отвора простор за прашања и дискусија. Преку приказните, врсничките едукатори можат да објаснат сложени информации на поедноставен начин, да ги прикажат придобивките од одредени образовни патеки и да ги адресираат честите дилеми или предрасуди поврзани со стручното и дуалното образование.

Техниките на раскажување приказни се особено корисни при работа со помлади ученици, бидејќи тие учат полесно преку конкретни ситуации отколку преку апстрактни податоци. Приказните им помагаат да ја замислат својата идна улога, да ги препознаат сопствените интереси и да размислуваат за можните чекори во образовниот и професионалниот развој.

За врсничките едукатори, развојот на вештини за раскажување приказни значи и подобрување на јавното настапување и самодовербата. Преку вежбање структура, јасност и изразување емоции, тие учат како ефективно да ги пренесат своите пораки и да ја задржат вниманието на публиката. Овие вештини се применливи и надвор од врсничката едукација, во училишниот живот, понатамошното образование и идната кариера.

Затоа, техниките на раскажување приказни се клучен елемент во обуката на врсничките едукатори. Тие овозможуваат поефективен пренос на знаење, поголема вклученост на учениците и создавање инспиративно и значајно образовно искуство кое остава траен впечаток.



Како да се раскаже добра приказна, чекори:

> Добрата приказна не мора да биде долга или совршена, но треба да биде искрена, јасна и поврзана со пораката што сакаме да ја пренесеме. Следните чекори им помагаат на врсничките едукатори да структурираат ефективна и инспиративна приказна во рамки на работилница или презентација.

### ✓ Одбери јасна цел и порака

Пред да започнеш, запрашај се: Што сакам учениците да запомнат од оваа приказна?

Пораката може да биде поврзана со избор на стручно или дуално образование, надминување на дилема, стекнување практични вештини или лично искуство од школување. Приказната треба да ја поддржува оваа порака, а не да оди во друга насока.

### ✓ Започни со препознатлива ситуација

Добрата приказна започнува со ситуација со која учениците можат да се поистоветат. Тоа може да биде момент на несигурност, прашање или предизвик, на пример избор на училиште или страв од непознато. Ова создава интерес и веднаш го привлекува вниманието на публиката.

### ✓ Претстави предизвик или проблем

Секоја приказна има „јадро“, односно проблем или дилема. Објасни што било тешко, што те збунувало или што си морал/а да одлучиш. Овој дел ја прави приказната реална и автентична и им покажува на учениците дека предизвиците се нормален дел од процесот.

### ✓ Опиши ја одлуката или чекорите што си ги презел/а

Во овој дел објасни како си донел/а одлука или како си постапил/а. Поврзи го искуството со стручното или дуалното образование и нагласи што било клучно за твојот избор. Избегнувај предолги детали – фокусирај се на најважните моменти.

### ✓ Сподели го резултатот и научената лекција

Кажи што се случило потоа и што си научил/а од искуството. Овој дел ја носи главната вредност на приказната. Нагласи како искуството ти помогнало да стекнеш вештини, самодоверба или нови можности.

### ✓ Поврзи ја приказната со публиката

На крај, постави прашање или кратка порака упатена кон учениците, на пример: „Дали и вие сте се нашле во слична ситуација?“ или „Како би постапиле вие?“ Ова поттикнува размислување, дискусија и активна вклученост.

### *Биди искрен и природен*

Најважниот чекор е автентичноста. Не е потребно приказната да биде совршена или драматична. Искреното и природно раскажување создава доверба и прави пораката да биде посилна и поверодостојна.

### *Кратки примери на приказни за врснички едукатори*

**Пример 1: „Не знаев што да изберам“**

„Кога бев во деветто одделение, искрено, немав поим што сакам да запишам. Сите зборуваа за гимназија, а јас не бев сигурен/сигурна дека тоа е за мене. Сакав повеќе практична работа, но се плашев што ќе кажат другите. Кога дознав повеќе за стручното и дуалното образование и видов дека можам да учам и да работам во реална средина, одлуката ми стана полесна. Денес имам конкретни вештини и многу повеќе самодоверба.“

**Порака:** Нормално е да не си сигурен, важно е да се информираш и да го најдеш својот пат.

**Пример 2: „Од страв до самодоверба“**

„На почетокот ме плашеше идејата да одам на практична обука во компанија. Се прашував дали ќе бидам доволно добар/добра. Но, со тек на време, менторите ми помогнаа и почнав да учам преку практика. Денес не се плашам да прашувам и знам дека можам да се снајдам во реална работна средина.“

**Порака:** Стравот е дел од процесот, а практиката гради сигурност и вештини

**Пример 3: „Учење што има смисла“**

„Во основно училиште често се прашував: ‘Зошто го учиме ова?’ Во стручното образование првпат почувствував дека знаењето веднаш го применувам. Кога направив нешто со свои раце и видов резултат, сфатив дека учењето може да биде

**Порака:** Практичното учење им помага на учениците да ја видат вредноста на знаењето.



**Пример 4: „Не е резервно решение“**

„И јас мислев дека стручното образование е избор само ако немаш друга опција. Но, кога почнав да учам и да работам со луѓе од индустријата, сфатив дека тоа е свесен и паметен избор. Денес знам дека имам повеќе можности отколку што мислев.“

**Порака:** Стручното и дуалното образование не се резервна опција, туку реална можност.

**Пример 5: „Секој има свој пат“**

„Мојот најдобар другар избра гимназија, јас стручно училиште. На почеток мислев дека правиме сосема различни избори, но денес и двајцата сме задоволни. Сфатив дека нема еден ‘правилен’ пат – важно е што одговара на тебе.“

**Порака:** Образовните избори се лични и треба да се усогласени со интересите и способностите.



## *Методи за работа со млади*

Основата на методите за работа со младите се во техниките на неформалното образование.

За време на обуките, приодот на работа треба да биде заснован на елементи на неформалното образование:

### Воведна фаза

**Цел:** запознавање, активирање на учесниците, вовед во темата и создавање безбедна и поддржувачка атмосфера.

#### *Отворачки круг*

» Воведна активност која овозможува секој учесник да се изрази и да се запознае со целите, агендата и темите на сесијата.

#### *Мразокршачи (Ice-breakers)*

» Кратки и забавни активности за опуштање на групата и поттикнување интеракција меѓу учесниците.

#### *Вежби за подигнување на енергијата*

» Активности за активирање на групата и усогласување на нивото на енергија со планираната динамика.

#### *Метод на барометар*

» Учесниците се позиционираат според нивниот став кон одредено тврдење, што овозможува вовед во темата и препознавање на различни мислења. Методот на барометар е интерактивна и динамична техника во неформалното образование која им овозможува на учесниците јавно да го изразат својот став кон одредено тврдење преку физичко позиционирање во просторот. Со тоа се поттикнува размислување, движење и почитување различни мислења.



#### *Бура на идеи*

» Брзо генерирање идеи и ставови поврзани со темата, со цел мапирање на постојните знаења и очекувања.

### Фаза на обработка (главен дел)

**Цел:** продлабочување на темата, активно учење, размена на искуства и развој на вештини.

#### *Презентации (од тренер и од учесници)*

» Структурирано претставување информации, како и споделување резултати од групна работа и учење од групата.

#### *Презентација од тренер/врснички едукатор*

Оваа активност има за цел да воведе нова тема на јасен и разбирлив начин, да ги појасни клучните поими и да постави заедничка рамка за понатамошната работа. Таа им помага на учесниците да се ориентираат во темата, да разберат зошто е важна и што ќе се обработува во текот на сесијата. Активноста е кратка и фокусирана, со времетраење од 5 до 10 минути и не навлегува во детали. Наместо тоа, се задржува на главните пораки кои треба да бидат разбрани од сите учесници. Презентацијата се потпира на едноставни примери и прашања упатени до групата, со цел да се поттикне размислување и активно вклучување уште на самиот почеток.

#### *Работа во мали групи*

Метод што овозможува поголема вклученост на сите учесници и Работата во мали групи е метод кој има за цел да поттикне соработка, тимска работа и активно вклучување на сите учесници. Во зависност од задачата и бројот на учесници, фасилитаторот ја дели големата група на помали тимови и им дава јасна задача, заедно со прецизна временска рамка.

Секоја мала група работи на конкретна задача, како што е дискусија на одредено прашање, заедничко решавање проблем или подготовка на кратка презентација, постер или друг визуелен материјал. По потреба, во рамки на групата може да се доделат улоги, како модератор кој ја води дискусијата, записничар кој ги бележи клучните идеи и презентер кој ги споделува резултатите со останатите.

Работата во мали групи обично трае од 10 до 20 минути, по што следи кратка презентација и заедничка дискусија во времетраење од 5 до 10 минути. За време на процесот, улогата на фасилитаторот е да ја објасни задачата јасно, да ги следи групите, да понуди поддршка кога е потребно и да внимава на рамномерна вклученост на сите учесници, при што се почитува предвиденото време. Овој метод е особено корисен бидејќи овозможува поголемо учество на секој поединец, го поттикнува критичкото размислување и ја зајакнува соработката меѓу учесниците. Преку работа во мали групи се развиваат комуникациските и социјалните вештини, а учењето од врсници станува полесно и поефективно.

Како совет за врсничките едукатори, доколку се забележи дека еден учесник доминира во групата, корисно е другите да се охрабрат со директно, но пријателско прашање, со што се создава простор секој да даде свој придонес.

## ✓ Работа во парови

» Фокусирана размена на мислења меѓу двајца учесници, корисна за подлабоко разгледување теми.

Работата во парови е метод кој овозможува фокусирана и безбедна размена на мислења меѓу двајца учесници. Активноста започнува со кратка подготовка, при што фасилитаторот ги замолува учесниците да се здружат во парови, по сопствен избор или случајно и јасно ја објаснува задачата, заедно со временската рамка. Во текот на спроведувањето, секој пар дискутира по однапред зададено прашање или тема. Прашањата најчесто се насочени кон лични ставови и искуства, на пример: „Која придобивка од ВЕТ програмите ти е најважна и зошто?“ или „Кои стравови или дилеми ги имаш во врска со изборот на идното образование?“. Често се применува принципот на наизменично зборување, каде првиот учесник зборува една до две минути, по што вториот добива исто толку време. За време на разговорот не се прекинува соговорникот, а акцентот е ставен на активно слушање и меѓусебна почит.

Работата во парови трае од 3 до 7 минути, по што може да следи кратко споделување со целата група, во времетраење од околу 5 минути, при што учесниците доброволно ги споделуваат своите согледувања. Улогата на фасилитаторот е да ја објасни задачата јасно, да внимава на времето и да охрабрува активно слушање, без непотребно мешање во самите разговори. Овој метод е особено корисен бидејќи ја зголемува вклученоста на сите учесници, поттикнува подлабока лична рефлексија и придонесува за градење доверба. Работата во парови го олеснува изразувањето на мислење, особено кај помирни или помалку сигурни учесници и претставува одлична подготовка за подоцнежна дискусија во мали или поголеми групи.

Како совет за врсничките едукатори, овој метод е особено ефикасен кога се користи по бура на идеи или пред работа во мали групи, бидејќи им помага на младите да ги оформат и разјаснат своите мисли пред да ги споделат пошироко.

## ✓ Игра на улоги (Role-play)

» Симулација на реални ситуации со цел учење преку искуство и развој на социјални и комуникациски вештини.

Играта на улоги е метод кој им овозможува на учесниците да учат преку лично искуство, ставајќи се во реални или замислени ситуации со кои можат да се соочат во секојдневниот живот. Преку преземање различни улоги, учесниците имаат можност да ја испробаат својата реакција, да вежбаат комуникација и да стекнат поголема сигурност во сопствените способности. Овој метод придонесува за развој на самодовербата, бидејќи им дава простор на младите да се изразат и да зборуваат пред други во контролирана и поддржувачка средина. Истовремено, играта на улоги поттикнува емпатија и подобро разбирање на различни перспективи, бидејќи учесниците се обидуваат да ја согледаат ситуацијата од туѓа гледна точка. Преку вакви активности се зајакнуваат комуникациските и преговарачките вештини, а младите се подготвуваат за реални животни ситуации, како што се избор на образование, разговор со работодавач или носење важни одлуки.

Улогата на фасилитаторот е клучна за успешна примена на овој метод. Тој или таа треба да создаде безбедна и поддржувачка атмосфера во која учесниците ќе се чувствуваат слободно да се вклучат, без чувство на притисок или страв од грешки. Фасилитаторот ги охрабрува учесниците, внимава никој да не биде исмеан или изложен и постојано го насочува фокусот кон процесот на учење и извлекување поуки, а не кон самата „глума“.



## ✓ Студија на случај

» Анализа на конкретни примери кои ја поврзуваат теоријата со практиката.

Студијата на случај е метод во неформалното образование кој вклучува анализа на реален или реалистичен пример, со цел учесниците да ја поврзат теоријата со практиката, да размислуваат критички и да предлагаат решенија базирани на конкретна ситуација.

Фасилитаторот подготвува опис на случајот со јасен контекст, проблем или дилема. Случајот треба да биде близок до искуствата на младите.

Зошто е корисна студијата на случај?

- Го поврзува учењето со реалниот живот,
- Поттикнува критичко размислување,
- Развива вештини за анализа и одлучување,
- Овозможува различни перспективи,
- Ја прави темата поразбирлива и порелевантна.



## ✓ Светско кафе (World Café)

» Структуриран метод за размена на идеи преку ротирачки групи и тематски дискусии.

Светското кафе е интерактивен и структуриран метод во неформалното образование кој овозможува размена на идеи преку ротирачки мали групи, со фокус на однапред дефинирани теми. Овој метод поттикнува колективно размислување, споделување различни перспективи и заедничко градење знаење, создавајќи динамична и пријатна атмосфера за дискусија.

За реализација на Светското кафе, фасилитаторот однапред подготвува неколку маси или работни станици (обично од 3 до 5), при што секоја маса има своја тема или прашање. На масите се поставуваат флипчарт-хартија и маркери за запишување идеи. На секоја маса има еден „домаќин“, кој може да биде учесник или фасилитатор, и кој останува на истата маса во текот на целиот процес.

Во почетната фаза, учесниците се делат во мали групи од 4 до 6 лица и седнуваат на различни маси. Дискусијата по првото прашање трае од 10 до 15 минути. По истекот на времето, групите ротираат кон следната маса, додека домаќинот останува и накратко ги споделува клучните идеи и заклучоци од претходната група. Процесот на ротација се повторува сè додека сите групи не ги посетат сите маси.

Темите може да бидат поврзани со стручното и дуалното образование, како, на пример: кои се главните придобивки од ВЕТ програмите, како практичната обука им помага на младите, кои митови постојат за стручното образование или каква поддршка им е потребна на учениците при избор на образование.

По завршувањето на последната ротација, следи фаза на сумирање. Домаќините или фасилитаторот ги презентираат клучните заклучоци од секоја маса, по што се отвора кратка заедничка дискусија за поврзување на идеите и извлекување заеднички пораки.

## Метод „Рибја чинија“ (Fishbowl)

» Фокусирана дискусија со активно слушање и набљудување од страна на останатите учесници.

Методот „Рибја чинија“ е интерактивна техника за фокусирана дискусија, каде мал број учесници дискутираат во центарот на групата, додека останатите учесници ги набљудуваат и активно слушаат од надворешниот круг. Овој метод овозможува учење преку слушање, анализирање и размислување за различни перспективи.

Цели на методот:

- Поттикнување на длабока дискусија за конкретна тема,
- Развивање вештини за активно слушање,
- Давање простор на сите учесници да се изразат,
- Овозможување учење преку набљудување на групната динамика.



## Галерија на идеи (Gallery walk)

» Движење низ просторот и интеракција со визуелни материјали и прашања.

Галеријата на идеи е интерактивна метода во неформалното образование која се базира на активно движење на учесниците низ просторот и нивна интеракција со визуелно претставени содржини. Наместо седење и пасивно слушање, учесниците се охрабруваат да се движат, да читаат, да размислуваат и да даваат придонес. Во просторот се поставуваат флипчартови, постери или листови хартија, на кои се напишани прашања, тврдења, проблеми или теми поврзани со сесијата. Секој постер претставува „станица“ со различна тема. Учесниците, индивидуално или во мали групи, се движат од една до друга станица и на секоја од нив оставаат свои мислења, идеи, коментари или одговори – со пишување, цртање или симболи. Оваа метода овозможува секој учесник да придонесе со свое мислење, без притисок од јавно зборување пред целата група, што ја прави особено корисна за поинтровертни учесници. Истовремено, визуелниот елемент и физичкото движење ја зголемуваат концентрацијата и енергијата во групата.

По завршувањето на движењето, следи заедничка дискусија во која се сумираат клучните идеи, се споредуваат различните ставови и се извлекуваат заклучоци. На тој начин, галеријата на идеи претставува ефективен метод за собирање различни перспективи, поттикнување креативно размислување и активно вклучување на сите учесници во процесот на учење.

Препорачано времетраење: зависно од групата, прва побрза опција од 20 до 30 мин., втората опција прилагодена околу 45 – 50 мин.



## Учење преку искуство

» Практични активности проследени со рефлексија и анализа

Учењето преку искуство е метод во неформалното образование кој се заснова на директно учество во практични активности, по што следуваат рефлексија, анализа и извлекување заклучоци. Наместо само слушање или читање, учесниците учат преку тоа што прават, доживуваат и размислуваат за сопственото искуство.

Методот најчесто следи четири фази:

1. **Искуство (активност)**
   Учесниците изведуваат практична задача, игра или симулација.
2. **Рефлексија**
   Се разговара за тоа што се случило и како се чувствувале учесниците.
3. **Анализа**
   Се анализира зошто се случило тоа, кои вештини биле користени и што било успешно или предизвикувачко.
4. **Примена**
   Се поврзува искуството со реалниот живот и идни ситуации.

## Дискусии

» Размена на мислења и ставови како клучен елемент на учењето во група

Дискусиите се метод во неформалното образование кој овозможува структурирана размена на мислења, ставови и искуства меѓу учесниците. Тие се клучен елемент на учењето во група и од група, бидејќи поттикнуваат критичко размислување, активно слушање и почитување на различни перспективи.

Дискусијата може да биде:

- Водена (со јасно поставени прашања од фасилитаторот),
- Отворена (учесниците слободно ги споделуваат ставовите),
- Во мали групи или пленарно.

Клучно е да се постават јасни правила: почит, слушање без прекинување и аргументирано изразување.

Дискусијата е најуспешна кога прашањата немаат еден точен одговор – така учесниците се чувствуваат слободни да размислуваат и да учат едни од други.



## Завршна фаза

**Цел:** рефлексија, евалуација, заокружување на учењето и дефинирање на следни чекори.

### ✔ *Затворачки круг*

» Простор за сумирање на искуството, разјаснување на нејаснотии и заедничко затворање на сесијата

Затворачкиот круг е завршна активност на сесијата која овозможува сумирање на наученото, разјаснување на евентуални нејаснотии и заедничко емоционално и содржинско затворање на процесот. Секој учесник добива простор да се изрази и да даде кратка рефлексија за искуството.

Цели на затворачкиот круг:

- Да се сумираат клучните пораки и сознанија,
- Да се провери дали има нејаснотии или отворени прашања,
- Да се зајакне чувството на завршеност и смисла на сесијата,
- Да се добие брз фидбек од учесниците.



Како се спроведува?

Учесниците седат во круг. Фасилитаторот поставува едно или две јасни и кратки прашања, а секој учесник одговара со неколку зборови или една реченица. Не се води долга дискусија.

Затворачкиот круг нека биде краток, фокусиран и позитивен – подобро е да остане чувство дека „сакаме уште“, отколку замор.

### ✔ *Саморефлексија*

» Индивидуално размислување за наученото, личните впечатоци и искуства.

Саморефлексијата е метод кој овозможува индивидуално и свесно размислување за сопственото искуство, наученото, личните впечатоци и емоции за време на сесијата. Таа му помага на учесникот да го поврзе новото знаење со сопствените ставови, искуства и идни постапки.

Цели на саморефлексијата:

- Да се продлабочи процесот на учење,
- Да се поттикне лична одговорност за сопствениот развој,
- Да се развие критичко размислување и самосвест,
- Да се идентификуваат лични увиди и потреби.



Не инсистирајте сите да споделуваат јавно – саморефлексијата е личен процес. Доволно е учесникот да си замине со јасен личен увид.



### ✔ *Проценка/евалуација*

» Следење на динамиката, реакциите на учесниците и постигнатите резултати од сесијата.

Проценката (евалуацијата) е процес на систематско следење и вреднување на текот и резултатите од сесијата, со фокус на динамиката на групата, вклученоста на учесниците, нивните реакции и степенот на постигнување на планираните цели. Таа може да се спроведува континуирано (за време на сесијата) и завршно (на крајот).

Цели на проценката / евалуацијата:

- Да се утврди дали целите на сесијата се постигнати,
- Да се следи нивото на учество и ангажираност,
- Да се препознаат силните страни и можностите за подобрување,
- Да се унапреди квалитетот на идните активности.



### ✔ *Кратка евалуациска активност*

» Пр. „едно нешто што го научив“, „една работа што ќе ја применам“, како брз и ефективен начин за повратна информација.

Кратката евалуациска активност е брз и едноставен метод за собирање повратна информација од учесниците на крајот од сесијата. Таа овозможува учесниците да го артикулираат наученото и да направат лична врска со примената на стекнатите знаења.

Цели на активноста:

- Да се провери што е најзначајно за учесниците,
- Да се зацврсти процесот на учење преку рефлексија,
- Да се добие брза и искрена повратна информација,
- Да се поттикне размислување за практична примена.



Работата со млади бара пристап кој е интерактивен, инклузивен и прилагоден на возраста, интересите и потребите на учениците. Врсничките едукатори не се во улога на „предавачи“, туку на фасилитатори кои поттикнуваат учество, дијалог и заедничко учење. Примената на соодветни методи за работа со млади придонесува кон поголема мотивација, активно вклучување и позитивно искуство за сите учесници. Еден од клучните принципи е учење преку учество. Наместо еднонасочно пренесување информации, младите најдобро учат кога се активно вклучени преку прашања, дискусии, игри и практични задачи. Овој пристап им овозможува да размислуваат критички, да ги изразат своите ставови и да учат едни од други.

Интерактивните методи се особено ефективни во врсничката едукација. Работа во мали групи, кратки вежби, симулации и игри со улоги помагаат учениците полесно да ги разберат темите и да се чувствуваат послободно да учествуваат. Овие методи создаваат динамика и ја одржуваат концентрацијата, особено кај помладите ученици.

Важно е да се применува и пристап ориентиран кон младите, при што нивните мислења, искуства и прашања се почитуваат и земаат предвид. Врсничките едукатори треба да создадат безбедна и поддржувачка средина во која секој ученик се чувствува прифатен и охрабрен да се изрази, без страв од осуда или потценување. Активното слушање е уште еден значаен метод во работата со млади. Преку внимателно следење на реакциите, поставување отворени прашања и давање простор за одговори, едукаторите можат подобро да ги разберат потребите и интересите на групата и соодветно да го прилагодат текот на работилницата.

Методите за работа со млади вклучуваат и учење преку искуство, при што младите учат од реални примери, лични приказни и конкретни ситуации. Овој метод ја зголемува релевантноста на содржината и им помага на учениците полесно да ја поврзат темата со сопствениот живот. Конечно, важен аспект е флексибилноста. Секоја група е различна, па врсничките едукатори треба да бидат подготвени да го прилагодат пристапот, темпото и методите според енергијата, интересот и динамиката на групата. Флексибилниот и отворен пристап овозможува поквалитетна интеракција и поефективно постигнување на целите на врсничката едукација.

Примената на овие методи им овозможува на врсничките едукатори да создадат ангажирачки, поддржувачки и инспиративни работилници, во кои младите активно учествуваат и стекнуваат знаења и вештини на природен и мотивирачки начин.







## Пример сесии за врсничка едукација.



Време и место на сесијата

| | |
|---|---|
| Сесија бр. 1 | Стручно образование и можности |
| Времетраење | 45 мин |
| Цели на сесијата | ✓ Да се создаде позитивна и безбедна средина за запознавање, отворена комуникација и активно учество.<br>✓ Да се зголеми разбирањето за стручното (ВЕТ) и дуалното образование, преку појаснување на клучни факти и поими.<br>✓ Да се препознаат и разбијат митовите поврзани со стручното образование и можностите за вработување.<br>✓ Да се поттикне критичко размислување и размена на мислења за придобивките од практичната обука и изборот на образование.<br>✓ Да се овозможи рефлексија и лична процена на корисноста на сесијата од страна на учесниците. |

| | *Опис на активности* | Време |
|---|---|---|
| | **Отворачки круг**<br>Учесниците се претставуваат и кажуваат што би сакале да значат првите букви од нивните имиња.<br>Пример: Д – Дарко, добронамерен<br>М – Марина, мирољубива | 10 мин. |
| | **Активност: „Мит или факт?“**<br>Врсничкиот едукатор чита кратки изјави, а учениците одговараат со „мит“ или „факт“.<br>**Примери:**<br>✓ „Со стручно образование нема добра работа.“<br>✓ „Во дуалното образование се учи и во компанија.“<br>„Практичното искуство помага полесно да се најде работа.“ | 10 мин. |
| | **Светско кафе**<br>**Фасилитаторот подготвува:**<br>✓ 3 – 5 маси (или работни станици),<br>✓ по една тема или прашање за секоја маса,<br>✓ флипчарт/хартија и маркери.<br>На секоја маса има еден „домаќин“ (може да биде учесник или фасилитатор) кој останува на масаа. | 20 мин. |



| | | |
|---|---|---|
| Методологија | **Спроведување**<br>1. Учесниците се делат во мали групи (4 – 6 лица) и седнуваат на различни маси.<br>2. Дискусијата по првото прашање трае 5 до 10 минути.<br>3. По истекот на времето, групите ротираат кон следната маса, додека домаќинот останува и накратко ги пренесува претходните идеи.<br>4. Процесот се повторува сè додека сите групи не ги посетат сите маси.<br>**Пример теми (ВЕТ и дуално образование):**<br>✓ Кои се главните придобивки од ВЕТ програмите?<br>✓ Како практичната обука им помага на младите?<br>✓ Кои митови постојат за стручното образование?<br>✓ Каква поддршка им е потребна на учениците при избор на образование?<br>**Завршување и сумирање**<br>Секој од учесниците, само со три збора треба да опишат како се чувствуваат, дали сесијата е корисна за нив. | 5 мин. |
| Потребен простор | Училница, или работна просторија за најмалку 25 учесници | |
| Материјали за учесниците | Испечатени прашања за мит или факт<br>Флипчарт хартија, маркери, креп лента | |
| Опрема и помагала | Маси, флипчарт табла | |
| Забелешка | Прашањата за „мит“ или „факт“, треба да предизвикаат интерес и дискусија. Треба да се следи темпото на групата, да не се прекинуваат учесниците, но и да не се развлекуваат дискусиите. | |



| Време и место на сесијата | |
|---|---|
| Сесија бр. 2 | Стручно образование и пракса, што добиваме |
| Времетраење | 45 мин. |
| Цели на сесијата | ✓ Да се создаде опуштена, позитивна и безбедна групна атмосфера која поттикнува движење, смеа и меѓусебна интеракција меѓу учесниците.<br>✓ Да се идентификуваат очекувањата на учесниците и да се воспостави заедничка рамка за работа во текот на сесијата.<br>✓ Да се зголеми свесноста и разбирањето за придобивките од ВЕТ програмите и дуалното образование преку интерактивно движење и визуелна работа со постери.<br>✓ Да се поттикне лична поврзаност со темата, при што учениците ќе размислат како конкретните придобивки можат да влијаат врз нивната иднина.<br>✓ Да се овозможи рефлексија и брза евалуација на наученото и искуството од сесијата преку кратки лични изјави. |

| *Опис на активности* | | Време |
|---|---|---|
| | **Воведна активност**<br>Како се спроведува:<br>Сите седат во круг. Фасилитаторот вели:<br>„Смени место ако... сакаш музика“, „...си утрински тип“, „... сакаш работа во тим“.<br>Учесниците што се препознаваат стануваат и си менуваат место.<br>Зошто е корисна:<br>✓ Поттикнува движење,<br>✓ Создава смеа и интеракција.<br>Ја зајакнува групната поврзаност. | 10 мин. |
| | **Очекувања на учесниците**<br>Секој учесник на стикер ги запишува своите очекувања, потоа се поставуваат на флипчарт хартија и се излистуваат. | 10 мин. |
| | **Галерија на идеи (Gallery walk)**<br>Во просторот се поставуваат 5 – 6 постери (станици), секој со една придобивка: | 20 мин. |



| | | |
|---|---|---|
| Методологија | 1. Полесно вработување<br>2. Учење преку пракса<br>3. Ран контакт со компании<br>4. Развој на вештини<br>5. Финансиски надомест<br>6. Повеќе избори за иднината<br>Задача за учениците:<br>✓ Се движат во мали групи.<br>✓ На секој постер одговараат на кратко прашање, на пр.<br>• „Зошто ова би било важно за тебе?“<br>• „Како ова може да ти помогне во иднина?“<br>Споделување и дискусија<br>Заедничка дискусија:<br>✓ Која придобивка ви беше најинтересна?<br>✓ Дали нешто ве изненади?<br>✓ Како мислите дека ВЕТ може да помогне на младите во вашата средина?<br>**Завршен круг и евалуација на сесијата**<br>Активност: „Една реченица“<br>Секој ученик завршува реченица:<br>✓ „Денес научив дека...“<br>✓ „Најмногу ми се допадна...“ | 5 мин. |
| Потребен простор | Училница, или работна просторија за најмалку 25 учесници | |
| Материјали за учесниците | Флипчарт хартија, маркери, стикери во различни бои, пенкала | |
| Опрема и помагала | Флипчарт табла | |
| Забелешка | Како главна активност „Галерија на идеи“, покрај размислувањата на учесниците, треба да имаме подготвено прашања за дискусија, преку која ќе ја постигнеме целта за придобивките од стручното образование. | |

| Време и место на сесијата | |
|---|---|
| Сесија бр. 3 | „Избор на образование: приказни, искуства, можности“ |
| Времетраење | 45 мин. |
| Цели на сесијата | - Да се создаде безбедна, опуштена и поддржувачка атмосфера во која учесниците слободно се изразуваат.<br>- Да се поттикне препознавање и споделување лични дилеми поврзани со изборот на образование преку приказни од реален живот.<br>- Да се развие активно слушање, аргументирање и почитување различни мислења преку методот „Рибина чинија“.<br>- Да се зголеми разбирањето за придобивките од дуалното образование преку дискусија и размена на искуства.<br>- Да се овозможи рефлексија и повратна информација за содржината, процесот и чувството на вклученост на учесниците. |

| | *Опис на активности* | Време |
|---|---|---|
| | **„Ајсбрекер“**<br><br>Учесниците стојат или седат во круг. Секој го кажува своето име и прави едноставен гест (движење со рака, глава, тело). Целата група го повторува името и гестот.<br><br>Зошто функционира:<br>- Брзо создава позитивна енергија.<br>- Помага во паметење имиња.<br><br>Вклучува движење и смеа. | 5 мин. |
| | **Раскажување приказна**<br><br>Врсничкиот едукатор дава краток вовед во приказната<br>Се чита приказната, па потоа се поставуваат прашања:<br>- Дали некој се пронашол во приказната?<br>- Дали знаат за некој пример?<br>- Кои делови од приказната ви се блиски?<br>- Како би постапиле?...<br><br>Поголем ефект би имало доколку се прочитаат две, или три различни приказни и понив да се разговара | 20 мин. |
| | **Рибина чинија** (Fishbowl)<br><br>Формирајте внатрешен круг (3 – 5 учесници кои ќе дискутираат) и надворешен круг (набљудувачи).<br>Поставете јасна тема или прашање за дискусија. Тема: „Кои се главните придобивки од дуалното образование?“ | 15 мин. |



| | | |
|---|---|---|
| Методологија | Внатрешниот круг води дискусија<br>Надворешниот круг внимателно слуша, следи аргументи, комуникација и динамика.<br>По дискусијата, надворешниот круг дава краток фидбек или ги споделува забелешките.<br><br>Фидбек: набљудувачите споделуваат кои аргументи биле убедливи и каква е динамиката во групата.<br><br>**Затворачки круг**<br>Имаме подготвено мета со пет, шест кругови. Ја поделуваме на неколку делови и на секој дел ставаме назив:<br>- Содржината беше корисна за мене...<br>- Имав можност да се искажам...<br>- Условите за работа се добри...<br><br>Ги замолуваме учесниците да стават точки за изјавите, со тоа што ако се задоволни точките ги ставаат поблиску до центарот, а ако не се, подалеку. | 5 мин. |

| | |
|---|---|
| Потребен простор | Училница, или работна просторија за најмалку 25 учесници |
| Материјали за учесниците | Подготвени приказни<br><br>Флипчарт хартија, маркери |
| Опрема и помагала | Флипчарт табла |
| Забелешка | Доколку се понудат неколку приказни, тие да бидат различни и конкретни и да се внимава на дискусијата. |



| Време и место на сесијата | | |
|---|---|---|
| Сесија бр. 4 | Чекори кон професионално учење | |
| Времетраење | 45 мин. | |
| Цели на сесијата | ✓ Да воведе во темата и да ја претстави агендата на едноставен начин.<br>✓ Да поттикне секој ученик да се изрази и да ги сподели своите мисли или очекувања.<br>✓ Да ги собере и систематизира почетните знаења и ставови преку бура на идеи.<br>✓ Да ја поддржи дискусијата преку студија на случај и да поттикне критичко размислување.<br>✓ Да ја сумира сесијата и да овозможи учениците да рефлектираат за наученото. | |
| *Опис на активности* | | Време |
| | **Вовед во сесијата**<br><br>Учесниците седат во круг. Врсничкиот едукатор накратко ја претставува темата на сесијата и објаснува што ќе се работи.<br><br>Потоа, секој учесник одговара на едно од следните прашања (по избор):<br><br>✓ Со еден збор, што ти паѓа на ум кога ќе слушнеш темата на сесијата?<br>или<br><br>✓ Што очекуваш да дознаеш или научиш денес?<br><br>Секој има 10 – 15 секунди за одговор, без коментирање од другите.<br><br>Улога на врсничкиот едукатор<br><br>✓ Го охрабрува секој да се изрази, без притисок.<br><br>✓ Активно слуша и кратко ги поврзува одговорите со темите на сесијата.<br><br>✓ Ја претставува агендата на едноставен и разбирлив начин. | 5 мин. |
| | **Бура на идеи**<br><br>Едукаторот подготвува јасно и едноставно прашање или тема (запишано на флипчарт, табла или постер).<br><br>**Спроведување**<br><br>• Фасилитаторот ја поставува темата, на пример:<br><br>✓ „Што ви паѓа на ум кога ќе слушнете стручно образование?“<br><br>✓ „Кои се придобивките од практична обука?“ | 10 мин. |



| | | |
|---|---|---|
| Методологија | Учесниците ги изговараат своите идеи гласно, а фасилитаторот ги запишува сите одговори без коментирање или коригирање.<br><br>Основни правила:<br><br>✓ Нема „точни“ или „погрешни“ одговори.<br><br>✓ Секоја идеја е добредојдена.<br><br>✓ Не се критикуваат туѓи идеи.<br><br>✓ Количината е поважна од квалитетот.<br><br>**По бурата на идеи (обработка)**<br><br>По завршување на активноста, едукаторот:<br><br>✓ Ги групира сличните идеи.<br><br>✓ Поставува дополнителни прашања.<br><br>✓ Ги поврзува изнесените ставови со темата на сесијата.<br>**Студија на случај**<br><br>Вовед и објаснување на студијата<br><br>За поголеми групи од дваесетина учесници се подготвуваат неколку студии на случај, но може да се повторат некои исти, за да се видат различни перпективи на размислување.<br><br>Се подготвуваат неколку конкретни прашања и се дикутира по нив.<br><br>Пример:<br><br>Студија на случај: „Не знаев што да изберам“<br><br>Алекс е ученик во деветто одделение. Како што се приближува крајот на основното образование, сите околу него зборуваат за запишување во гимназија. Дел од наставниците и пријателите сметаат дека тоа е „најдобриот избор“, Алекс не се чувствува сигурно во таа одлука.<br><br>Тој повеќе сака практична работа, учење преку искуство и јасна врска со реални работни задачи. Сепак, има страв, што ќе кажат другите, дали стручното образование е „доволно добро“ и дали ќе има можности за работа во иднина.<br><br>Клучен момент<br><br>На еден настан во училиштето, Алекс слуша презентација за стручното и дуалното образование. Првпат дознава дека:<br><br>✓ дел од наставата се одвива во компанија,<br><br>✓ учениците стекнуваат практични вештини,<br><br>✓ учењето е поврзано со реална работна средина. | 25 мин. |

Подоцна, има можност да посети компанија и да разговара со млади кои веќе се дел од дуалното образование. Тоа искуство му помага подобро да се замисли во таква улога.

По дополнително информирање и разговори со родители и наставници, Алекс одлучува да се запише во стручно училиште со дуално образование. Одлуката не е лесна, но е свесна и информирана.

Денес, Алекс:

- има конкретни практични вештини,
- се чувствува посигурно во себе,
- знае што сака и во која насока да се развива,
- има реална претстава за светот на трудот.

Прашања

- Кои беа главните дилеми на Алекс?
- Кои стравови влијаеле на одлуката?
- Што му помогна да донесе одлука?
- Кои придобивки од стручно, или дуално образование ги препознаваме во прикажаната?

**Затворање на сесијата** — 5 мин.

Брифинг

Обучувачот има подготвено прашања, за кои замолува, групно во круг да ги одговараат, што е можно побрзо и во хор.

Пример:

Што денес најмногу ти привлече внимание или те изненади?
Денот ми помина многу досадно? 🙂
Кое ново знаење или информација ќе го запомниш од денешната сесија?
Обучувачот бара многу работа?
Дали нешто од денешната тема можеш да примениш во својот живот или иднина?
Кој дел од активностите ти беше најкорисен и зошто?
Како се чувствуваш по сесијата – повеќе информиран/а, посигурен/а, мотивиран/а?
Ако би можел/а да додадеш нешто на сесијата, што би било тоа?

Брзите одговори може да бидат одраз на сработеното, но и да се внесе малку хумор.



| | |
|---|---|
| Потребен простор | Училница, или работна просторија за најмалку 25 учесници |
| Материјали за учесниците | Подготвени студии на случај<br>Флипчарт хартија, маркери, пенкала |
| Опрема и помагала | Флипчарт табла |
| Забелешка | Планирањето и реализацијата на студијата на случај. Подлабока анализа и дискусии бараат повеќе време. |



| Време и место на сесијата | | |
|---|---|---|
| Сесија бр. 5 | Знаење, ставови и избор | |
| Времетраење | 45 мин. | |
| Цели на сесијата | - Да се запознаат учесниците подобро и да се создаде пријатна атмосфера за учење.<br>- Да се споделат размислувања и ставови за стручното и дуалното образование.<br>- Да се споделат искуства, ставови и очекувања.<br>- Да се извлечат поуки за покорисна примена во иднина. | |
| | *Опис на активности* | Време |
| | Отворање на сесијата<br><br>„Ајсбрекер – име и гест“<br>Како: Секој учесник го кажува своето име и прави краток гест (подига рака, сврти глава, скок, движење со рака). Целата група го повторува името и гестот.<br><br>**Барометар**<br><br>Во просторијата се обележуваат четири агли со следните позиции:<br>1. Целосно се согласувам<br>2. Делумно се согласувам<br>3. Делумно не се согласувам<br>4. Воопшто не се согласувам<br><br>Фасилитаторот чита едно јасно тврдење. Учесниците размислуваат кратко (10 – 15 секунди) и се позиционираат во аголот што најмногу го одразува нивниот став.<br><br>Потоа:<br>- 1 – 2 учесници од секој агол објаснуваат зошто се таму,<br>- Се охрабрува слушање без прекинување,<br>- Учесниците можат да го сменат аголот доколку го променат мислењето.<br><br>Пример тврдења (ВЕТ и дуално образование)<br>- „Стручното образование нуди помалку можности од гимназијата.“<br>- „Практичната обука е подеднакво важна како и теоријата.“ | 10 мин.<br><br><br><br><br><br>15 мин. |



| | | |
|---|---|---|
| Методологија | - „Полесно е да се најде работа ако имаш практично искуство.“<br>- „Јасно знам што сакам да работам по завршување на училиштето.“<br><br>**Работа во парови**<br><br>Секој пар дискутира по даденото прашање или задача, на пример:<br>- „Која придобивка од ВЕТ ти е најважна и зошто?“<br>- „Кои стравови или дилеми ги имаш за идниот избор на образование?“<br><br>Групна дискусија<br>**Затворање на сесијата**<br><br>Куфер со знаење<br><br>Учесниците на стикери запишуваат:<br>- „Што носам со себе од денес?“<br>- „Што ќе применам во иднина?“<br><br>Потоа стикерите се лепат на поставена флипчарт хартија. | 15 мин.<br><br><br><br>5 мин. |
| Потребен простор | Училница, или работна просторија за најмалку 25 учесници | |
| Материјали за учесниците | Подготвени прашања за Барометар и работата во парови<br><br>Бели листови А4, флипчарт хартија, маркери, пенкала | |
| Опрема и помагала | Флипчарт табла | |
| Забелешка | Воведниот и завршниот дел може да бидат развлечени и планираното време да не е доволно. | |




YES
DREAM
GROW
VIBE